# О Б Ј А В А

**Одбележувајќи ги двата големи празници на Република Македонија,**
**11.Октомври - денот на востанието на македонскиот народ и**
**13.Ноември денот на ослободувањето на нашиот главен град Скопје,**

Со големо задоволство, **ШКВ Скопје72** го објавува Ветеранскиот шаховски фестивал **„Незаборав за херите 1941-1944“**. Фестивалот го одбележуваме со три реперни турнири, а победниците се стекнуваат со титула **Шаховски првак на Скопје** за ветеранска категорија **„С60“** (шахисти родени 1965 или порано) и тоа:

- Ветерански првак во блиц шах (5‘ + 3“)
- Ветерански првак во рапид шах (15‘ + 10“)
- Ветерански првак во стандард шах (60‘ + 15‘ + 30“)

Сите турнири се рејтингуваат (регистрираат) во Меѓународната шаховска федерација ФИДЕ.

Врз основа на горенаведеното, ве известуваме дека по завршениот ветерански рапид турнир на 11-12. Октомври, со големо задоволство на сите љубители на шаховската игра, ШКВ Скопје72 го објавува следниот турнир:

## БРЗОПОТЕЗЕН ВЕТЕРАНСКИ ШАХОВСКИ ТУРНИР

Организациониот одбор ја утврдува листата на учесници. Поради ограничени просторни можности, вкупниот број на учесници ќе биде лимитиран на 36 од редовните активни членови на ШКВ Скопје72 и истакнати ветерани - С60 (кои не се членови на ШКВ Скопје72) а ќе покажат интерес за учество.

Турнирот ќе се одигра на **02 ноември 2025 г**. во 11 кола, швајцарски систем, со право на учество на шаховски ветерани С60, регистрирани во македонската рејтинг листа на ФИДЕ.

- Организациониот одбор го сочинуваат: Александар Сидоровски, Илија Стошевски и Љубомир Хаџи-Манев
- Директор на турнирот: Александар Сидоровски.
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Играчите ќе имаат по 5 минути за партија со додавање 3 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Главен судија на турнирот: Љубомир Хаџи-Манев, национален судија.

Распоредот на колата:

- Потврда на пријавата (лично) на 02 ноември заклучно до 10.15 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање, односно во 10,30 ч.
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло.

Придонес на учесниците кон техничката организација и наградниот фонд изнесува минимално 300 денари, според можностите на учесниците.
Наградниот фонд изнесува 10.000 денари, распореден во пет награди:
I. 3.000 ден., II. 2.500 ден., III. 2.000 ден., IV 1.500 ден., V 1.000 ДЕН.
При делба на место, редоследот на наградените се одредува според: 1. Бухолц -1, 2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба
Победникот се стекнува со титула **Ветерански првак на Скопје за 2025 година во категорија – блиц** и ќе добие пригоден пехар, а првите тројца добиваат Признанија.

Ги покануваме шаховските ветерани од град Скопје да се пријават за турнирот. Контакт телефон 074 / 205 236 – Илија Стошевски или на е-меил: veterani.skopje72@gmail.com
Турнирите ќе се играат во **просториите на ШК Алкалоид** – на улица „Јордан Мијалков“ бр.40 (Железничка) во Скопје, за што изразуваме голема благодарност до раководството на клубот.

Скопје, 15.10.2025

ШКВ Скопје72
Претседател, Инж. Илија Стошевски, ср